**20240290684**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 57 став (4) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21, 174/21 и 241/24) и член 46 став (1) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа програма се врши распределба на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за намалување на диспаритетите односно разликите во степенот на развиеност меѓу и во рамките на планските региони и за зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година.

Член 2

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 97,525,000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во Раздел 191.01 – Министерство за локална самоуправа, Потпрограма ОА- Рамномерен регионален развој, ставка 464- Разни трансфери.

Член 3

Средствата од член 2 од оваа програма ќе се користат за следните намени:

- намалување на диспаритетите, односно разликите во степенот на развиеност меѓу и во рамките на планските региони и за зголемување на регионалната конкурентност, во износ од 87,925,000 денари и
- финансирање на активностите и задачите на центрите за развој на планските региони коишто произлегуваат од развојните приоритети на планскиот регион за тековната година, во износ од 9,600,000 денари.

Член 4

(1) Во рамките на оваа програма ќе се финансираат:

- мерки и активности за изведба на градби во смисла на подобрување на пристапот до инфраструктура на ниво на плански регион и на локално ниво, активности поврзани со дејноста на јавните претпријатија основани од општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје;
- мерки за финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи, акциони планови и проектни документации кои исполнуваат услови за финансирање и
- мерки и активности за јакнење на институционалните капацитети за регионален развој во Република Северна Македонија.

(2) Во рамките на оваа програма ќе се финансираат и кофинансираат:

- проекти кои ги спроведува Министерството за локална самоуправа, обезбедени од донации од домашни и странски субјекти и од други извори, во согласност со закон;

- активности за спроведување и унапредување на законската рамка на политиката за рамномерен регионален развој од надлежност на Министерството за локална самоуправа, утврдени со закон и

- проекти утврдени со одлука на Влада на Република Северна Македонија врз основа на членот 53 од Законот за рамномерен регионален развој (*), за кои се одобрени помалку средства од побараните за целосно завршување на проектот.

Член 5

Средствата од член 3 алинеја 1 од оваа програма, согласно приоритетите утврдени во планските документи за регионален развој, ќе се користат за поддржување на проекти во следните приоритетни мерки и активности:

- развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони;

- препознавање и искористување на конкурентските предности во планските региони и

- подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти/користење на обновливите извори на енергија.

Член 6

Средствата од член 3 алинеја 2 од оваа програма ќе се користат за финансирање на активностите и задачите на центрите за развој на планските региони коишто произлегуваат од развојните приоритети на планскиот регион за тековната година и тоа на секој од осумте плански региони ќе им се исплати износ од 1.200.000 денари за следните намени:

- изготвување на годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на планскиот регион за тековната година;

- изготвување на предлог – акциски план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион за тековната година;

- спроведување на проекти за развој на планскиот регион;

- подготвување на предлог – проектите за развој на планскиот регион;

- организирање на седници на Советот за развој на планскиот регион;

- подготвување на акти на Советот за развој на планскиот регион и Центарот за развој на планскиот регион со цел нивно усогласување со одредбите од Законот за рамномерен регионален развој (*)

- организирање на регионални консултации – форуми;

- подготвување на Извештај за работењето на Центарот за развој на планскиот регион за тековната година и негово доставување до Советот за развој на планскиот регион и општините кои влегуваат во негов состав и

- ажурирање на евиденцијата за развојните потенцијали на планскиот регион и општините од планскиот регион со податоци за тековната година.

Член 7

Следење на спроведување на оваа програма врши Министерството за локална самоуправа.

Член 8

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-198/6<br>4 февруари 2025 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Љупчо Димовски,** с.р. |